## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 19 став (6) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/2010 и 157/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНСПЕКТОР

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручен испит за инспектор (во понатамошниот текст: стручен испит).

### Член 2

Денот, месецот и часот на одржување на испитот се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и во едно дневно гласило на македонски јазик и едно дневно гласило на јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните.

### Член 3

(1) Стручниот испит се спроведува два пати во текот на една календарска година и тоа во месеците април и октомври.

(2) Пријавата за полагање на стручен испит за инспектор се поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на управата.

(3) Кон пријавата за полагање се приложува документ за лична идентификација, доказ за завршено високо образование, доказ за работно искуство во соодветната област.

### Член 4

(1) Пред почетокот на писмениот дел од стручниот испит се утврдува идентитетот на кандидатите што ќе полагаат.

(2) На писмениот дел од испитот можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите што полагаат.

### Член 5

(1) Писмениот дел од стручниот испит претставува тест составен од прашања, со избор на еден од повеќе понудени одговори.

(2) Кандидатот кој во определеното време не го изработил тестот го предава на Комисијата во состојба во која го изработил.

(3) Времетраењето за полагање на писмениот дел на стручниот испит изнесува 90 минути.

(4) Писмениот дел на стручниот испит се смета за положен, доколку кандидатот освои минимум 70% од максималниот број на бодови.

**Член 6**

(1) Пред да се премине на усниот дел од стручниот испит, членовите на Комисијата ги прегледуваат писмените задачи и ги оценуваат со оценка "положил" или "не положил".

(2) Писмениот дел од стручниот испит е елиминаторен.

(3) Кандидатот кој на писмената задача е оценет со "не положил" не може да го полага усниот дел од стручниот испит.

**Член 7**

(1) Усниот дел од стручниот испит се полага најдоцна пет дена од денот на одржување на писмениот испит.

(2) Испитувањето на кандидатот може да трае најмногу 45 минути.

(3) На усниот дел од испитот можат да присуствуваат само претседателот, членовите и секретарот на Комисијата и кандидатите што полагаат.

(4) Ако некое од присутните лица на стручниот испит го нарушува редот и дисциплината, тоа може да биде и отстрането.

**Член 8**

(1) Усниот дел од стручниот испит се состои од одговарање на поставени прашања од Програмата за полагање на стручен испит.

(2) Кандидатот кој по втор пат не го положи усниот дел од стручниот испит има право да го полага стручниот испит целосно во наредната сесија.

**Член 9**

(1) Кандидатот кој нема да дојде во определениот ден да го полага испитот или ќе дојде а од оправдани причини нема да го полага, се смета дека стручниот испит не го полагал.

(2) Кандидатот кој го започнал полагањето на стручниот испит, ја примил писмена задача или прашања од усниот дел од стручниот испит и без оправдани причини се откаже, се смета дека стручниот испит не го положил.

### Член 10

(1) Полагањето на започнатиот стручен испит може да се одложи од оправдани причини (болест, несреќа, смртен случај или др.) поради кои е спречен да го продолжи полагањето на стручниот испит.

(2) Молбата за продолжување на одложениот стручен испит се поднесува најдоцна до осум дена од денот кога кандидатот требало да полага.

(3) Со истекот на 60 дена од кога е прекинат стручниот испит, испитот не може да се продолжи.

(4) За продолжување на стручниот испит одлучува Комисијата со решение.

(5) Приговор против решението на Испитната комисија со кое се одбива молбата за продолжување на стручниот испит се поднесува до министерот за информатичко општество и администрација.

(6) По одобреното продолжување на стручниот испит, кандидатот не го полага оној дел од испитот што го полагал до одлагањето.

### Член 11

Кандидатот кој не го положил стручниот испит, може повторно целосно да го полага по истекот на шест месеци од денот на последното полагање.

### Член 12

(1) За време на стручниот испит секретарот на Комисијата води записник за секој кандидат поодделно и тоа посебен записник за писмениот и посебен за усниот дел од стручниот испит.

(2) Во записникот се внесува: датумот и местото на полагање, личните податоци на кандидатот, составот на Испитната комисија, времето на започнување и завршување на стручниот испит, испитните прашања и оценката за стручниот испит.

(3) Кон записникот се приложува и писмената задача на кандидатот.

(4) Записникот го потпишуваат претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

**Член 13**

По завршување на стручниот испит, претседателот на Комисијата веднаш им го соопштува резултатот од испитот на кандидатите, а ако тоа не е можно најдоцна до три дена од денот на завршување на стручниот испит.

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 13**

Бр.18-4307/1
22 ноември 2011 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
м-р **Иво Ивановски** , с.р.